36795

Нова Македонија, Скопје, 11.IV.1989, 15163, 10

ОД ДЕНЕС ВО МСУ

# Пријави за второто биенале на младите

● ОВАА МАНИФЕСТАЦИЈА И ГОДИНАВА ЌЕ СЕ ОДРЖУВА ВО ПОЗНАТИОТ ТЕРМИН — ОД ПРВИ СЕПТЕМВРИ ДО ПРВИ ОКТОМВРИ. — СМОТРА НА ДВЕГОДИШНОТО ТВОРЕШТВО НА МЛАДИТЕ ВО ОБЛАСТА НА СЛИКАРСТВОТО, СКУЛПТУРАТА, ГРАФИКАТА, АРХИТЕКТУРАТА, ФОТОГРАФИЈАТА И ОСТАНАТИТЕ СРОДНИ ФОРМИ НА КРЕАТИВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Сите ликовни уметници од СР Македонија и оние македонски автори кои живеат надвор од Републиката а се до 35-годишна возраст од денес ќе можат да ги поднесат своите пријави за учество на претстојното Второ биенале што го организира Музејот на современата уметност од Скопје во познатиот термин од први септември до први октомври.

Пријавите за делата се примаат во Музејот на современата уметност секој работен ден се до 15 мај годинава. Како што е познато, Биеналето е ликовна манифестација која го опфаќа двегодишното творештво на младите во областа на сликарството, скулптурата, графиката, архитектурата, фотографијата и останатите сродни форми на креативна презентација, па според тоа, творбите што ќе се примаат во МСУ ќе се одбираат врз основа на увидот во оригиналните дела, но и во зависност од нивниот карактер, врз основа на фотографии. Исто така, за оваа изложба ќе се конкурира само со дела настанати во периодот од 1987 до 1989 година. Авторите можат да учествуваат најмногу со три дела во класичните медиуми.

Предлозите за одредени уметнички проекти: амбиенти, интервенции, акции, перформанси и слично се доставуваат во доволно елаборирана писмена форма и скици. Конкурирањето со предлози од областа на архитектурата не е ограничено со тематски избор или со начинот на презентацијата (скица, цртеж, проект, графика, концепт, макета и др.). Но, затоа пак, Музејот се оградува од финансиското учество во реализацијата на овие предложени проекти.

Сите доставени творби за оваа изложба ќе ги прегледа и селектира соодветна жири комисија. Музејот го задржува правото да ги фотографира сите пријавени дела, да ги објави фотографиите во каталог и да ги користи во пропагандни цели.

Авторите треба да ги подигнат делата најдоцна еден месец по завршувањето на изложбата, а секој учесник е должен да ги достави и најзначајните биографски податоци и податоците за делата (наслов, техника, димензии и година на изведба).

На денот на отворањето на изложбата „Биенале на младите" ќе бидат доделени и три рамноправни награди, како и други признанија. Сите одбрани и изложени дела, без разлика на медиумот, рамноправно учествуваат при освојувањето на наградите.